Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К
од Шеесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 април 2025 година

Скопје, април 2025 година

# З А П И С Н И К
## од Шеесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 15 април 2025 година

Седницата започна во 12:20 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, Марјан Ристески, заменик на министерот за економија, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Флакрон Беџети, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, м-р Ерџан Селими, заменик на министерот за локална самоуправа, д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација, д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваше и Венера Љатифи Азизи, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Игор Филков, министер за правда Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

*

*            *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

-Усвојување на Записникот од Шеесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 март 2025 година

1. Предлог-одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за 2025 година

2. Информација за потребата од пренесување на правото на сопственост врз недвижна ствар од државата на Општина Охрид, со дополнување и Предлог-одлука

3. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиски критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година

4. Предлог - уредба за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој

5. Предлог- програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година

6. Предлог - програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2025 година

7. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година

8. Информација за потребата за изменување на Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите во рамките на системот за индиректно управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА II), со Предлог – уредба

9. Информација за потребата од изменување и дополнување на Уредбата за воспоставување на структурите и органите и за утврдување на нивните меѓусебни односи за индиректно управување со финансиската помош во рамките на Инструментот за претпристапна помош ИПА III, со Предлог – уредба

10. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Бојанче Стефанов с.Аргулица Карбинци, Штип, со Предлог – одлука

11. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, преработка, трговија и услуги Агро кожувчанка ДОО Кавадарци со седиште на ул.„Шишка“ бр.37 Кавадарци, со Предлог-одлука

12. Извештај за реализација на Програмата за рекултивација на деградирани простори за 2024 година

13. Информација за преглед на активностите на Фондот за претприемачки капитал ЕНИФ (Enterprise Innovation Fund) на територијата на Република Северна Македонија во период од 2015 до 30.6.2024 година, со прилози

14. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат - клуб (на Друштвото за промет и услуги „Спорт-лаиф гејминг“ ДОО Скопје со седиште на ул. „Борис Трајковски“ бр.198А Скопје-Кисела Вода, во деловната просторија во Подружница бр.6 СЛ клуб 6 Скопје-Карпош, на бул. „8 Септември“ бр.3, лок. 7 и 8 Скопје-Карпош)

15. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на опрема и реконструкција на простор за Центар за инфертилитет и асистирана репродукција во ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство за периодот 2025 –2026 година

15. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на опрема и реконструкција на простор за Центар за инфертилитет и асистирана репродукција во ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство за периодот 2025 –2026 година

16. Информација за потребата од изменување и дополнување на Законот за борба со допингот во спортот и негово спречување, со цел основање на Национална антидопинг организација - НАДО МКД

17. Предлог – одлука за преземање на основачките права и обврски над основното училиште за возрасни „Антон Семјонович Макаренко“ Скопје

18. Предлог – одлука за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.538/1, КО Битола 5).

19. Извештај за работата на ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за периодот 2023-2024 година

20. Понуда од нотар Оливера Пешиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.5957, за КО Злокуќани, на КП бр.1416/1 и КП бр.1416/2, место викано „Скупи“

21. Понуда од нотар Башким Елези од Гостивар, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.100185, за КО Гостивар 1, на КП бр.3638/2, КП бр.3638/4 и КП бр.3644/22, викано место/улица „Гостивар“

22. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.731, за КО Радишани, на КП бр.1994/1, викано место/улица „АФЖ 30“

23. Понуда од нотар Никола Камчев од Радовиш, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.7757, за КО Радовиш, на КП бр.1779, викано место/улица „Св.Спасо Радовишки“

24. Понуда од нотар Марија Атанасова од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.263 и Имотен лист бр.1793, за КО Сретеново, на КП бр.1300

25. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1300, за КО Сингелиќ-1, на КП бр.3837, викано место/улица „ул.4“

26. Понуда од нотар Сихана Зибери-Шабани од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1599 и Имотен лист бр.107710, КО Бутел на КП бр.4250, викано место/улица „Македонска Косовска Бригада“

27. Понуда од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3192, за КО Драчево 2, на КП бр.12664, викано место/улица „Речиште“

28. Понуда од нотар Весна Дончева од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.189380, за КО Драчево 2, на КП бр.11510/3, КП бр.11510/4 и КП бр.11510/5, викано место/улица „Аџево“

29. Понуда од нотар Весна Дончева од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.189567, за КО Драчево 2, на КП бр.11508/3, викано место/улица „ул.Драчевска“

30. Понуда од нотар Виолета Ангеловска од Битола, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.962, за КО Добрушево, на КП бр.1885/2, викано место/улица „Село“

31. Понуда од нотар Лидија Симонова Трајчева од Штип, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.100058, за КО Караорман, на КП бр.1624, викано место/улица „Село“

32. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.94643, за КО Охрид 2, на КП бр.8916/1 и КП бр.8918/3, викано место/улица „Абас Емин“

33. Кадровски прашања

34. Прашања и предлози

35. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, за периодот октомври-декември 2024 година

36. Тримесечен извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје за четвртиот квартал од 2024 година

37. Тримесечен финансиски извештај на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје, за периодот октомври-декември 2024 година

38. Годишен извештај за работењето на Гарантниот фонд за 2023 година

39. Извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за третиот квартал од 2024 година

40. Полугодишниот извештај за износот и бројот на одобрени кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ), Ковид 1 кредитната линија и кредитната линија за поддршка на трговски радиодифузни друштва од областа на емитувањето на радио и телевизиски програми, за износот и бројот на одобрени кредити, состојбата на сметките и наплатата кај кредитната линија од компензационите фондови и Ковид 2 кредитната линија, за износот и бројот на одобрени кредити и за состојбата на салдото на сметката кај кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (Ковид 3 кредитна линија) и за износот и бројот на одобрени кредити како и за состојбата на салдото на сметката од Фондот за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста (Ковид 4 кредитна линија) (за периодот јули – декември 2023 година)

41. Полугодишен извештај за износот и бројот на одобрени кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ), Ковид 1 кредитната линија и кредитната линија за поддршка на трговски радиодифузни друштва од областа на емитувањето на радио и телевизиски програми, за износот и бројот на одобрени кредити, состојбата на сметките и наплатата кај кредитната линија од компензационите фондови и Ковид 2 кредитната линија, за износот и бројот на одобрени кредити и за состојбата на салдото на сметката кај кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (Ковид 3 кредитна линија) и за износот и бројот на одобрени кредити како и за состојбата на салдото на сметката од Фондот за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста (Ковид 4 кредитна линија) (за периодот јули – декември 2024 година)

42. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права (*),

43. Информација за Рехабилитација и изградба на санитарна депонија во Русино/Полог со изградба на санитарна депонија и затворање на стара депонија

44. Информација за одржаниот Дваесетти и подготовка на Дваесет и првиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи на 28 април 2025 година, со прилози

45. Информација за давање на овластување на министерот за здравство за потпишување на Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија и на директорите односно вршители на должност директори на јавните здравствени установи за потпишување на Анекси за изменување и дополнување на поединечните колективни договори, односно Поединечен колективен договор

46. Информација со Предлог основно сценарио и нови иницијативи за финансирање во наредниот среднорочен период 2026 година – 2030 година

*

*       *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Шеесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 март 2025 година.

*

*       *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија  за 2025 година.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од пренесување на правото на сопственост врз недвижна ствар од државата на Општина Охрид, со дополнување и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Охрид (Имотен лист бр.148020).

**<u>Точка 3</u>**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиски критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година.

*******

Предлог - уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиски критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година, повторно е разгледена на Седумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 април 2025 година, како точка 34.

**<u>Точка 4</u>**

Владата ја одложи од разгледување Предлог - уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на Дневен ред на седница на Владата.

**Точка 5**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година.

***

Предлог - програмата за изменување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година, повторно е разгледана на Седумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 април 2025 година, како точка 33.

**Точка 6**

Владата ја донесе Програмата за изменување  и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2025 година.

Истовремено, предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, во смисла фискалните импликации кои ќе произлезат со реализација на Програмата, да се обезбедат во рамки на одобрените средства од буџетот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за 2025 година.

***

Предлог - програмата за изменување  и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2025 година, повторно е разгледана на Седумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 април 2025 година, како точка 35.

**Точка 7**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2025 година, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на дневен ред на седница на Влада.

**Точка 8**

Владата на барање на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за потребата за изменување на Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите во рамките на системот за индиректно управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА II), со Предлог – уредба, поради потребата од дополнителна анализа и истата да се разгледа на тематска седница на Владата во врска со проекти од ИПА.

**Точка 9**

Владата на барање на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за потребата од изменување и дополнување на Уредбата за воспоставување на структурите и органите и за утврдување на нивните меѓусебни односи за индиректно управување со финансиската помош во рамките на Инструментот за претпристапна помош ИПА III, со Предлог – уредба, поради потребата од дополнителна анализа и истата да се разгледа на тематска седница на Владата во врска со проекти од ИПА.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Бојанче Стефанов с.Аргулица Карбинци, Штип, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштво за производство, преработка, трговија и услуги Агро кожувчанка ДОО Кавадарци со седиште на ул.„Шишка“ бр.37 Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 12**

Владата го разгледа и усвои Извештајот за реализација на Програмата за рекултивација на деградирани простори за 2024 година.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за преглед на активностите на Фондот за претприемачки капитал ЕНИФ (Enterprise Innovation Fund) на територијата на Република Северна Македонија во период од 2015 до 30.6.2024 година, со прилози, ја усвои и го задолжи генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише налогот за плаќање во врска со повикот за уплата на капитал пристигнат од ЕНИФ бр. 3/2024 од јули 2024 година во износ од 5.282.15 евра.

**Точка 14**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат - клуб (на Друштвото за промет и услуги „Спорт-лаиф гејминг“ ДОО Скопје со седиште на ул. „Борис Трајковски“ бр.198А Скопје-Кисела Вода, во деловната просторија во Подружница бр.6 СЛ клуб 6 Скопје-Карпош, на бул. „8 Септември“ бр.3, лок. 7 и 8 Скопје-Карпош).

**Точка 15**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на опрема и реконструкција на простор за Центар за инфертилитет и асистирана репродукција во ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство за периодот 2025 –2026 година, поради потребата Министерството за здравство да се усогласи со Министерството за финансии, по однос на потребните средства за реализирање на проектот.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на дневен ред на седница на Влада.

**Точка 16**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата од изменување и дополнување на Законот за борба со допингот во спортот и негово спречување, со цел основање на Национална анти - допинг организација - НАДО МКД, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на дневен ред на седница на Влада.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за преземање на основачките права и обврски над основното училиште за возрасни „Антон Семјонович Макаренко“ Скопје.

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.538/1, КО Битола 5).

**Точка 19**

Владата го разгледа Извештајот за работата на ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за периодот 2023-2024 година и притоа го утврди следното мислење

Извештајот за работата на ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за периодот 2023-2024 година е во функција на исполнување на законската обврска согласно член 99 став (1) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/19, 76/20, 178/21 и 58/24), според кој ректорот е должен еднаш во годината до сенатот, универзитетскиот совет и основачот, да поднесува извештај за својата работа и за работата на универзитетот, во кој е содржан и финансиски извештај.

Доставениот извештај е изготвен согласно Правилникот за содржината и формата на Извештајот за работата на ректорот број 1410-53 од 12.11.2021 година.

Исто така, Владата укажува на потребата од доставување на извештај за финансиското работење на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со цел да се стекне целосна слика за финансиското работење на Универзитетот и истата да биде усогласена со трезорскиот систем.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Оливера Пешиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.5957, за КО Злокуќани, на КП бр.1416/1 и КП бр.1416/2, место викано „Скупи“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Башким Елези од Гостивар, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.100185, за КО Гостивар 1, на КП бр.3638/2, КП бр.3638/4 и КП бр.3644/22, викано место/улица „Гостивар“ и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт.

**Точка 22**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.731, за КО Радишани, на КП бр.1994/1, викано место/улица „АФЖ 30“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Никола Камчев од Радовиш, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.7757, за КО Радовиш, на КП бр.1779, викано место/улица „Св.Спасо Радовишки“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Марија Атанасова од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.263 и Имотен лист бр.1793, за КО Сретеново, на КП бр.1300 и не ја прифати имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1300, за КО Сингелиќ-1, на КП бр.3837, викано место/улица „ул.4“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и

Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**<u>Точка 26</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сихана Зибери-Шабани од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.1599 и Имотен лист бр.107710, КО Бутел на КП бр.4250, викано место/улица „Македонска Косовска Бригада“ и по Понудата, го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

**<u>Точка 27</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3192, за КО Драчево 2, на КП бр.12664, викано место/улица „Речиште“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**<u>Точка 28</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Весна Дончева од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.189380, за КО Драчево 2, на КП бр.11510/3, КП бр.11510/4 и КП бр.11510/5, викано место/улица „Аџево“ и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт.

**<u>Точка 29</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Весна Дончева од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.189567, за КО Драчево 2, на КП бр.11508/3, викано место/улица „ул.Драчевска“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

**<u>Точка 30</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Виолета Ангеловска од Битола, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.962, за КО Добрушево, на КП бр.1885/2, викано место/улица „Село“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**<u>Точка 31</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лидија Симонова Трајчева од Штип, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.100058, за КО Караорман, на КП бр.1624, викано место/улица „Село“ и по Понудата ги усвои негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт.

## Точка 32

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.94643, за КО Охрид 2, на КП бр.8916/1 и КП бр.8918/3, викано место/улица „Абас Емин“ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт.

## Точка 33

1. Владата го разреши Кујтим Ибиши од должноста вршител на должноста директор на Управата за финансиско разузнавање, орган во состав на Министерството за финансии

1.1 Владата го именува Кујтим Ибиши за директор на Управата за финансиско разузнавање, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата го разреши Рефик Џемаили од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија.

2.1. Владата го именува Рефик Џемаили за директор на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата го разреши Дејанчо Здравков од должноста вршител на должноста директор на Казнено поправна установа Казнено поправен дом Штип.

3.1. Владата го именува Дејанчо Здравков за директор на Казнено поправна установа Казнено поправен дом Штип и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата го разреши Александар Мојсов од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Казнено поправна установа Казнено поправен дом од отворен вид Струга.

4.1. Владата го именува Александар Мојсов за заменик на директорот на Казнено поправна установа Казнено поправен дом од отворен вид Струга и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

5. Владата го разреши Фејсаљ Беадини од должноста вршител на должноста директор на Бирото за процена, орган во состав на Министерството за правда.

5.1. Владата го именува Фејсаљ Беадини за директор на Бирото за процена, орган во состав на Министерството за правда и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

6. Владата го разреши Бесник Зендели од должноста вршител на должноста директор на Центарот за развој на стручното образование.

6.1. Владата го избра Бесник Зендели за директор на Центарот за развој на стручното образование.

7. Владата го разреши Садудин Садики од должноста вршител на должноста директор на Центарот за образование на возрасни.

7.1. Владата го избра Садудин Садики за директор на Центарот за образование на возрасни.

8. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на заменик на директорот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството – Битола.

9. Владата и препорачува на Агенцијата за управување со одземен имот да му предложи на Собранието на АД за промет на големо и мало со прехрамбени и непрехрамбени стоки, надворешно трговски промет, производство и услуги во прометот СЛАВИЈА извоз – увоз-Скопје, да ги отповика Душко Петров од должноста член на НО на АД „СЛАВИЈА".

10. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во два дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на заменик директор на КПУ Затвор Струмица.

11. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да распише оглас во најмалку две јавни гласила од кои едно е на службен јазик различен од македонскиот јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, за именување на државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачје Скопје.

12. Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик за именување на директор на Агенцијата за управување со одземен имот.

## Точка 34

**1.**Владата по повод укажувањето на м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, а во врска со Подготовка на придонес на Република Северна Македонија кон Извештајот на Европската комисија за 2025 година, заклучи:

- Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за економија и труд, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи и Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, најдоцна до 17 април 2025 година, до Министерството за европски прашања да достават информации за остварените резултати за секое од поглавјата/областите од својата надлежност, согласно Дописот на Министерството за европски прашања бр.09-520/5 од 24 март 2025 година.

**2.**Владата по повод присутната сериозна безбедносна закана во меѓупросторот помеѓу граничниот премин Блаце (Република Северна Македонија) и граничниот премин Елез Хан (Република Косово), заклучи:
1)Се задолжуваат Министерството за финансии – Царинска управа и Министерството за внатрешни работи, а се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта да формираат меѓуинституционална работна група за преземање на активности за затворање на времениот пат од десната страна на граничниот премин Блаце, како и идентификација и затворање на дивите премини во меѓуграничниот простор на граничниот премин Блаце.
2)Се задолжува работната група да подготви соодветен предлог и план за активности за надминување на проблемот со дивите премини во близина на граничниот премин Блаце.

**3.**Владата, по повод укажувањето на м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, а во врска со одредбите од членот 60 од Законот за јавните патишта, го донесе следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за внатрешни работи, а се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта да подготват и до Владата да достават информација за вкупниот број на регистрирани возила на подрачјето на сите општини во Република Северна Македонија и потребата од промени во распоредот на средства кои Јавното претпријатие за државни патишта ги распределува на општините.

**<u>Точка 35</u>**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, за периодот октомври-декември 2024 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 36</u>**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за финансиското работење на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен"-Скопје за четвртиот квартал од 2024 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 37</u>**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај на Јавното претпријатие за берзанско работење Агро-берза Скопје, за периодот октомври-декември 2024 година, како материјал за информирање.

Истовремено, да се имаат предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**<u>Точка 38</u>**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Гарантниот фонд за 2023 година, како материјал за информирање.

**Точка 39**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Јавното претпријатие за државни патишта за третиот квартал од 2024 година, како материјал за информирање.

**Точка 40**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за износот и бројот на одобрени кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ), Ковид 1 кредитната линија и кредитната линија за поддршка на трговски радиодифузни друштва од областа на емитувањето на радио и телевизиски програми, за износот и бројот на одобрени кредити, состојбата на сметките и наплатата кај кредитната линија од компензационите фондови и Ковид 2 кредитната линија, за износот и бројот на одобрени кредити и за состојбата на салдото на сметката кај кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (Ковид 3 кредитна линија) и за износот и бројот на одобрени кредити како и за состојбата на салдото на сметката од Фондот за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста (Ковид 4 кредитна линија) (за периодот јули – декември 2023 година), како материјал за информирање.

**Точка 41**

Владата го разгледа Полугодишниот извештај за износот и бројот на одобрени кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ), Ковид 1 кредитната линија и кредитната линија за поддршка на трговски радиодифузни друштва од областа на емитувањето на радио и телевизиски програми, за износот и бројот на одобрени кредити, состојбата на сметките и наплатата кај кредитната линија од компензационите фондови и Ковид 2 кредитната линија, за износот и бројот на одобрени кредити и за состојбата на салдото на сметката кај кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (Ковид 3 кредитна линија) и за износот и бројот на одобрени кредити како и за состојбата на салдото на сметката од Фондот за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста (Ковид 4 кредитна линија) (за периодот јули – декември 2024 година), како материјал за информирање.

**Точка 42**

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права (*), поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерството за финансии.
Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на дневен ред на седница на Влада.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Информацијата за Рехабилитација и изградба на санитарна депонија во Русино/Полог со изградба на санитарна депонија и затворање на стара депонија, ја усвои Информацијата, ги разгледа предложените решенија како и моменталната ситуација со депонијата Русино и го задолжи Министертвото за животна средина и просторно планирање да продолжи со спроведување на предлогот Дизајн 2.

## Точка 44

Владата ја разгледа Информацијата за одржаниот Дваесетти и подготовка на Дваесет и првиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија во рамките на Комитетот за стабилизација и асоцијација, кој ќе се одржи на 28 април 2025 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се назначува Јумни Адеми, државен секретар во Министерството за економија и труд, за ко - претседавач на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување.

2. Се задолжува Министерството за култура и туризам, веднаш до Министерството за европски прашања, да достави позадински материјал на македонски и англиски јазик, како и да номинира лице за учество на состанокот, за точка 5 – Туризам.
3. Се задолжува Фондот за иновации и технолошки развој, веднаш до Министерство за европски прашања, да достави номинација на лице за точка 4.1 од агендата - Проекти и активности на Северна Македонија за подобрување на деловната клима, конкурентноста и иновативноста.
4. Се задолжува Министерството за европски прашања, добиените пишани материјали согласно точките на дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, веднаш да ги достави до службите на Европската комисија на англиски јазик.
Истовремено, се задолжува Министерството за финансии да достави мислење по материјалот.

## Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата за давање на овластување на министерот за здравство за потпишување на Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија и на директорите односно вршители на должност директори на јавните здравствени установи за потпишување на Анекси за изменување и дополнување на поединечните колективни договори, односно Поединечен колективен договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го овласти министерот за здравство да го потпише Анексот за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствената дејност на Република Македонија со кој се врши зголемување на платите на вработените во јавните установи во здравството.
2. Ги овласти директорите односно вршителите на должност директорите на јавните здравствени установи да ги потпишат анексите на поединечните колективни договори со кој се врши зголемување на платите на вработените во јавните установи во здравството.
3. Го овласти вршителот на должност директор на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата Козле Скопје да го потпише Поединечниот колективен договор.

## Точка 46

Владата не расправаше по Информацијата со Предлог основно сценарио и нови иницијативи за финансирање во наредниот среднорочен период 2026 година – 2030 година.

Предлагачот да ја извести Владата кога материјалот повторно да се стави на дневен ред на седница на Влада

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14.10 часот.

Заменик генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

mr.Hasim Murtezani

Заменик на претседател на Владата
на Република Северна Македонија

Љупчо Димовски

Подготвил:м-р Марија Арсова – Лазаревска, советник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски, пом.раководител на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор